Врз основа на член 108 став 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Одлуката на Управниот одбор за распишување на јавен конкурс за избор на директор на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести “Св.Наум Охридски” Скопје бр.02-224/3-2 од 27.01.2025 година и член 18 став 1 алинеа 7 од Статутот на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести “Св.Наум Охридски” Скопје, Управниот одбор на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести “Св.Наум Охридски” Скопје распишува

# **Ј А В Е Н К О Н К У Р С**

За избор на директор на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести “Св.Наум Охридски” Скопје

Се распишува јавен конкурс за избор на директор на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести “Св.Наум Охридски” Скопје, со мандат од четири години.

**I.** Пријавените кандидати треба да ги исполнуваат следните услови:

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките или фармацевтските науки, високо образование - дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија, високо образование од областа на економските или правните науки или јавно здравствениот менаџмент со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI А ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;

4) има минимум пет години работно искуство во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување;

5) понуди најквалитетна програма за работа на јавната здравствена установа и

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

**II.** Во прилог на пријавата /која треба да содржи име, презиме, адреса на живеење, контакт телефон и е- пошта, како и куса биографија на кандидатот/ кандидатите треба да ги достават следните документи:

1. Документ/уверение дека е државјанин на Република Северна Македонија, издаден од надлежен орган и не постар од 6 месеци /оригинал или фотокопија заверена кај нотар/;
2. Потврда од казнена/судска евиденција издадена од надлежен суд дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност /потврда од Централен регистар, во оригинал, не постар од 6 месеци;
3. Документ за завршен степен и вид на образование /оригинал или во фотокопија, заверена кај нотар/;
4. Потврда за работно искуство во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување /оригинал или фотокопија заверена кај нотар/;
5. Програма за работа на јавната здравствена установа со која се јавува на јавниот конкурс;
6. Меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик /оригинал или фотокопија, заверена кај нотар/, не постар од пет години.

**III.** Јавниот конкурс трае 15 дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето.

**IV.** Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести "Св.Наум Охридски" Скопје или да се симне од интернет страната www.gradskahirurgija.org.mk. Пријавата заедно со прилог

документите се доставува во затворен коверт - до Конкурсната комисија за избор на директор во архивата на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести “Св.Наум Охридски” Скопје, секој работен ден од 07:30 часот до 15:30 часот или преку пошта со препорачана пратка на адреса: ул. 11 Октомври бр.53, Скопје.

**V.** Документите кои не се комплетни Конкурсната комисија нема да ги разгледува.

Управен одбор на

ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки

болести “Св.Наум Охридски” Скопје

# П Р И Ј А В А

За работно место **<u>Директор</u>**

**1.Податоци за кандидатот**

Име и Презиме ____________________________________________________

Датум и место на раѓање _____________________________________________

Адреса и место на живеење ___________________________________________

Електронска адреса на кандидатот ______________________________________

Контакт телефон __________________________________________________

**2.Изјава за исполнување на условите за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно**

- Документ/уверение дека е државјанин на Република Северна Македонија, издаден од надлежен орган и не постар од 6 месеци /оригинал или фотокопија заверена кај нотар/; ДА/НЕ
- Потврда од казнена/судска евиденција издадена од надлежен суд дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност /потврда од Централен регистар, во оригинал, не постар од 6 месеци; ДА/НЕ
- Документ за завршен степен и вид на образование /оригинал или во фотокопија, заверена кај нотар/; ДА/НЕ
- Потврда за работно искуство од областа во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување /оригинал или фотокопија заверена кај нотар/; ДА/НЕ
- Програма за работа на јавната здравствена установа со која се јавува на јавниот конкурс; ДА/НЕ
- Меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик /оригинал или фотокопија, заверена кај нотар/, не постар од пет години. ДА/НЕ

Под кривична и материјална одговорност изјавувам дека податоците внесени во пријавата се точни и вистинити.

Датум: ____________

Скопје,                                                            Потпис на кандидатот